Врз основа на член 18 став 1 алинеја 18, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 99 став 8 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/07,130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14 и 78/15), член 15 став 1 алинеја 17, и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, на предлог на директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот бр.02-6434/2 од 11.11.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 35-та седница, одржана на 11.11.2015 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се дава одобрување на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за потпишување на:

- Анекс бр.3 со кој се уредуваат кусоците и вишоците на работи по добивање на завршна ситуација потврдена од надзорниот инженер, кон Договорот за градење на административниот објект "Палата Панко Брашнаров", кој се гради за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, и Анекс бр.2 и
- Анекс бр.4 со кој се уредуваат кусоците и вишоците на непредвидените работи по добивање на завршна ситуација потврдена од надзорниот инженер, кон Договорот за градење на административниот објект "Палата Панко Брашнаров", кој се гради за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Анекс бр.2 и Анекс бр.3.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, заедно со Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија како инвеститори, со Друштвото за производство, трговија, градежништво и услуги ДЕКОН-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје како изведувач, има склучено Договор за градење (бр.03-3706/1 од 11.09.2013 година, 17-4068/2013 од 11.09.2013 година, бр.03-9851/1 од 11.09.2013 година и бр.03-91/13 од 11.09.2013 година) на административниот објект "Палата Панко Брашнаров", во кој се наоѓа седиштето на Агенцијата.

Кон овој Договор за градење како основен договор, од страна на договорните страни, склучен е Анекс бр.2 (бр.03-2771/1 од 07.04.2015 година, 18-726/20 од 15.04.2015 година, 08-3242/2 од 09.04.2015 година и бр.03-63/1 од 20.05.2015 година), со кој се уредува изведување на непредвидени работи за изградба на административниот објект "Палата Панко Брашнаров", кои не се предвидени во

основниот Договор, а чие извршување било неопходно за завршување на изведбата на работите предвидени во основниот Договор.

На ден 16.10.2015 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, изведувачот - Друштвото за производство, трговија, градежништво и услуги ДЕКОН-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, достави:

- Известување бр.03-193/1 од 16.10.2015 година, заверено во архивата на Агенцијата со бр.03-5976/1, во прилог на кое доставен е Извештај за вишок и кусок за изведени градежни работи за објект "Палата Панко Брашнаров", изведени врз основа на основниот Договор за градење со Анекс бр.2 и
- Известување бр.03-194/1 од 16.10.2015 година, заверено во архивата на Агенцијата со бр.03-5975/1, во прилог на кое доставен е Извештај за вишок и кусок за изведени (непредвидени) градежни работи за објект "Палата Панко Брашнаров", изведени врз основа на основниот Договор за градење и Анекс бр.2 кон тој договор.

На ден 29.10.2015 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на Градежен институт Македонија - Скопје, како надзорен орган, односно надзорен инженер, доставени се:

- допис со предмет, Завршена 12 - ситуација за објект Палата - "Панко Брашнаров" бр.1004-123/15 од 28.10.2015 година (наш бр.05-6217/1) со во прилог ДВАНАЕСТА ВРЕМЕНА СИТУАЦИЈА (завршна), на изведувачот ДЕКОН-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје заверена со бр.05-2/123 од 28.10.2015 година, одобрена од страна на надзорниот инженер, во која се вклучени сите количини за работи извршени по основниот договор, вишоци на работа и кусок на работа, во вредност од 4.444.136,42 денари, од кои 65,17% и припаѓаат на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и
- допис со предмет, Завршена 2 - ситуација за објект Палата - "Панко Брашнаров" бр.1004-123/16 од 28.10.2015 година (наш бр.05-6216/1) со во прилог ВТОРА ВРЕМЕНА (завршна) СИТУАЦИЈА, на изведувачот ДЕКОН-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје заверена со бр.05-2/120 од 28.10.2015 година, одобрена од страна на надзорниот инженер, во која се вклучени сите количини за непредвидени работи извршени по основниот договор и Анекс бр.2 кон тој договор, вишоци на работа и кусок на работа, во вредност од 479.042,00 денари, од кои 65,17% и припаѓаат на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во член 99 став 8 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/07,130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14 и 78/15), изречно е предвидено дека доколку при изведување на работите се јават кусоци и/или вишоци на работи, договорниот орган, по добивање на времената ситуација изготвена од страна на изведувачот и потврдена од страна на надзорниот инженер, склучува анекс на договорот за јавна набавка на работи со кој се уредуваат кусоците и/или вишоците на работи.

Со цел правно и финансиски да се уреди напред образложената ситуација, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на Службата за општи и заеднички работи, заради нивно потпишување и архивирање, на ден 09.11.2015 година, доставени се: Анекс бр. 3 кон Договорот за градење, и Анекс бр.2, со кој се уредуваат кусоци и вишоци на градежни работи изведени врз основа на основниот договор за градење и Анекс бр. 4 кон Договорот за градење, Анекс бр.2 и Анекс бр.3, со кој се уредуваат кусоци и вишоци на непредвидени градежни работи, изведени врз основа на основниот договор, предвидени со Анекс бр.2 кон тој договор.

Следствено на горе наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 18, а во врска со член 20 став 1 алинеа 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 99 став 8 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/07,130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14 и 78/15), член 15 став 1 алинеја 17, и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, на предлог на директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот бр.02-6434/2 од 11.11.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 35-та седница одржана на 11.11.2015 година донесе одлука како во диспозитивот. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Прилози: (6)**

1. Известување од ДЕКОН-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје бр.03-193/1 од 16.10.2015 година, (наш бр.03-5976/1), во прилог на кое доставен е Извештај за вишок и кусок за изведени градежни работи за објект "Панко Брашнаров",
2. Известување од ДЕКОН-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје бр.03-194/1 од 16.10.2015 година, (наш бр.03-5975/1), во прилог на кое доставен е Извештај за вишок и кусок за изведени градежни работи (непредвидени) за објект "Панко Брашнаров",
3. Завршена 12-та ситуација за објект Палата - "Панко Брашнаров" бр.1004-123/15 од 28.10.2015 година (наш бр.05-6217/1) со во прилог ДВАНАЕСТА ВРЕМЕНА СИТУАЦИЈА (завршна), на изведувачот ДЕКОН-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје бр.05-2/123 од 28.10.2015 година,
4. Завршена 2-ра ситуација за објект Палата - "Панко Брашнаров" бр.1004-123/16 од 28.10.2015 година (наш бр.05-6216/1) со во прилог ВТОРА ВРЕМЕНА (завршна) СИТУАЦИЈА, на изведувачот ДЕКОН-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје бр.05-2/120 од 28.10.2015 годинАнекс кон Договорот за градење,
5. Анекс бр.3 кон Договорот за градење и Анекс бр.2,
6. Анекс бр.4 кон Договорот за градење, Анекс бр.2 и Анекс бр.3.

**Примерок од одлуката да се достави до:**

- Сектор за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата;
- Сектор за правни и економско-финансиски работи;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архивата